**ЗАПИСНИК**
**од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 09.09.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: д-р Ивана Стојановска, Горан Радуновиќ, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека оваа седницата за денес е закажана не планирано заради трагичниот настан кој се случи во болницата во Тетово. Во таа насока, во име на Советот и на Агенцијата изрази длабоко сочувство до семејствата на починатите.

Г-дин Трајчевски во врска со предложениот дневен ред објасни дека во насловот на Точка 2 е направен превид и предложи зборот „настраданите" да се замени со зборот „починатите".

Г-дин Ајдини рече дека забележал техничка грешка и предложи зборот „Ковод" да се коригира во „Ковид".

Г-дин Петрушевски се согласи со г-дин Ајдини но рече дека оваа техничка грешка се наоѓа во материјалот по точката а не во дневниот ред.

Г-дин Фиданоски предложи за да биде појасна формулацијата, во насловот на Точка 2 пред зборовите „на починатите лица" да се додадат зборовите „за семејствата".

Г-дин Петрушевски по дадените забелешки го формулира конечниот наслов на точката кој гласеше: Донесување на Заклучок за доделување финансиска помош за семејствата на починатите лица во пожарот во болницата во Тетово.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот коригиран:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.09.2021 година.
2. Донесување на Заклучок за доделување финансиска помош за семејствата на починатите лица во пожарот во болницата во Тетово.
3. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски најави дека Предлог-записникот од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.09.2021 година, поради технички причини ќе се одложи за прво продолжение на 25-та седница кое ќе се одржи пред почетокот на наредната седница. Објасни, бидејќи оваа седница беше не планирано закажана, записникот се уште не е подготвен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски во врска трагичниот настан кој се случи во Тетово рече, имајќи предвид дека Агенцијата има на располагање финансиски средства за да може да помогне на семејствата на починатите лица во болницата во Тетово, а исто така имајќи предвид дека во вакви ситуации Агенцијата како институција помагала и порано како пожарот во Атина, земјотресот во Драч, Република Албанија, смета дека и сега Агенцијата може да помогне во оваа состојба. Објасни дека од таа причина на денешната седница се предлага Советот да даде одобрение односно да го донесе предложениот Заклучок а следната недела во понеделник, ќе има седница со која ќе се изврши измена на Финансикиот план на Агенцијата за 2021 година и ќе се достави Предлог-договорот кој треба да се склучи со Црвениот крст на Република Северна Македонија за да може во целост да се реализира донацијата. Се надева дека сегашната бројка на починати лица нема да се зголеми, но доколку се зголеми во понеделник и износот на средства кој е предвиден со денешната бројка на починати, ќе биде поголем.

Г-дин Петрушевски потсети дека г-дин Ајдини имаше техничка забелешка во текстот на заклучокот која треба да се коригира.

Г-дин Фидановски даде забелешка во Точка 3 од Предлог-заклучокот во кое стои дека Секторот кој е задолжен за објавување на веб страницата на Агенцијата треба да објави одлука и решение и посочи дека треба да стои едно од нив.

Г-дин Трајчевски објасни дека треба да стои Заклучок и Точка 3 да гласи: Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски рече дека документите кои ќе произлезат од заклучокот ќе одат на проверка во Министерство за правда. Објасни дека во заклучокот нема да стои број на починати лица, но се надева дека тие ќе останат 14 како што до моментот е најавено. Наведе дека навистина ова е трагичен настан за целата држава и затоа и Агенцијата ќе помогне на нашите сограѓани во Тетово како што финансиски даваше помош и за други слични настани.

Г-дин Ајдини рече дека жали за изгубените животи во вчерашната несреќа во Тетово. Изрази сочувство до семејствата на починатите. Добро е тоа што Агенцијата има средства и што регулаторното тело покажува волја да помага и да се солидаризира во вакви несреќни случаи. Рече дека тоа навистина треба да се цени и затоа Заклучокот ќе го поддржи.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Заклучок да даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за доделување еднократна финансиска помош-донација за семејствата на починатите лица во пожарот во модуларната болница за Ковид пациенти во Тетово, во износ од 60.000,00 денари по семејство.

Советот на Агенцијата даде одобрение директорот на Агенцијата да склучи Договор за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Црвениот крст на Република Северна Македонија за предметната финансиска помош-донација за семејствата на починатите лица во пожарот во модуларната болница за Ковид пациенти во Тетово, кој ќе стапи во сила веднаш по потпишувањето на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-3333/3**
**13.09.2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**